UDC: 314.151.3-054.72(497.7)
314.151.3-054.72(497.7-15)
DOI: 10.46763/SCGW212425ab

# MIGRANT FAMILIES FROM WESTERN MACEDONIA

**Irena Avirovic Bundalevska**
Associate professor, PhD, Faculty of Philosophy - Skopje (UKIM)
avirovic@fzf.ukim.edu.mk
**Ermin Elezi**
Graduated family educator, Ss.Cyril and Methodius
elezi1810@gmail.com

**Abstract**

In the past years, the emigration of population from the Republic of North Macedonia is a highly relevant topic. Special focus is given to the reasons for emigration which are mostly identified as economic reasons, i.e. low income rates, poor living standards, unemployment and poverty. This paper analyzes emigration trends from Western Macedonia, a region that is particularly affected by emigration flows in contemporary Macedonian history. The paper presents detailed statistical data regarding emigrants from Western Macedonia according to gender, origin, marital status, age, reasons for emigration, employment, education, ethnicity, etc. Additionally, the paper will present a research conducted during 2020 regarding migrant families from Western Macedonia, their reasons for emigration, the changes that occurred after the emigration process was completed, life contentment in the new country and the possibility of returning to the homeland.

***Keywords:*** Western Macedonia, migration, migrant families

# ИСЕЛЕНИЧКИ СЕМЕЈСТВА ОД ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

**Ирена Авировиќ Бундалевска**
Проф., Д-р, Институт за семејни студии, Филозофски факултет, УКИМ
avirovic@fzf.ukim.edu.mk
**Ермин Елези**
elezi1810@gmail.com

**Апстракт**

Темата за иселувањето од Република Северна Македонија во последните години е постојано актуелна. Особен фокус на дебатите е ставен на причините за иселување на населението, а како главни се издвојуваат најчесто економските причини, односно, ниските примања, лошиот животен стандард, невработеноста и сиромаштијата.

Во овој труд се анализираат трендовите на иселување на граѓаните од Западна Македонија, регион кој е посебно погоден од иселеничките бранови во современата македонска историја. Трудот презентира детални статистички податоци на иселениците

од Западна Македонија според полова припадност, подрачје, брачна состојба, возраст, причини за иселување, активност, школска подготовка, етничка припадност итн.

Дополнително, во трудот ќе биде презентирано истражување спроведено во текот на 2020-та година кое се однесува на иселенички семејства од Западна Македонија, нивните причините за напуштање на државата, промените кои настанале по иселувањето, задоволството од животот во новата држава и можноста за враќање во татковината.

***Клучни зборови**: Западна Македонија, миграции, иселенички семејства*

**Вовед**

Современите општества се карактеризирани со зголемена географска мобилност на населението благодарение пред сè на брзиот напредок на технологијата, влијанието на феномени како глобализацијата, индустријализацијата и урбанизацијата и поголемиот пристап до брз и економски транспорт. Истовремено, луѓето постојано се стремат кон подобри услови за живот, поквалитетни услуги во здравствениот, образовниот и социјалниот сектор, како и можности за професионален раст и развој. Оттаму, можностите за привремена или трајна миграција или иселување на населението, од еден во друг град, од една во друга држава или пак од еден на друг континент, денес се многу почести и поедноставни отколку во минатото.

Република Северна Македонија се соочува со тридеценски период на економска и политичка транзиција и се чини дека проблемите кои се поврзани со невработеноста на населението, недовербата во институциите, политичката нестабилност, како и незадоволството од животниот стандард, уште долго ќе останат нерешени. Иселувањето на населението од РСМ поради економски и политички причини не претставува воопшто нов феномен, напротив, РСМ претставува историски печалбарска земја. Уште од периодот на Османлиската империја, македонските печалбари оделе на привремена работа во поголемите градови од регионот. Подоцна, во периодот меѓу двете светски војни, печалбарството преминало во трајно иселување особено во прекуокеанските земји (САД, Австралија и Канада). За време на југословенскиот период, пак, македонските иселеници го замениле печалбарството со привремена работа (гастарбајтество[1]) во западноевропските држави, додека од периодот на осамостојувањето на Република Македонија во 1991-ва година до денес иселувањето има најчесто траен карактер.

Во последните години од РСМ се иселуваат најчесто млади лица но и цели семејства, квалификуван и високообразован кадар, особено медицински персонал, а погодени се регионите и градовите во кои невработеноста е повисока. Цел на истражување на овој труд се трендовите на иселување

[1] Од германскиот термин *gastarbeiter* кој означува работник во странство, синоним на печалбар, имигрант.

на граѓаните од Западна Македонија, како еден од најпогодените предели од државата во кои миграциите се застапени. За таа цел, во трудот ќе бидат презентирани детални статистички податоци на иселениците од Западна Македонија според полова припадност, подрачје, брачна состојба, возраст, причини за иселување, активност, школска подготовка, етничка припадност итн. Дополнително, ќе бидат прикажани податоци од ново истражување кое што беше спроведено во текот на 2020-та година и се однесува на иселенички семејства од Западна Македонија. Целта на истражувањето е да ги согледа причините за иселување на македонските граѓани од државата, промените кои настанале по иселувањето, задоволството од животот во новата држава и можноста за враќање во татковината.

## 1. Иселување на населението од РСМ

Историски гледано, постојат четири, односно пет бранови на иселување од територијата на РСМ, во зависност од тоа дали се влучува печалбарството или иселувањето по осомостојувањето на РСМ. Проф. д-р Тодор Чепреганов разликува четири историски периоди или фази на современа емиграција од територијата на Македонија. Првата фаза ја идентификува со печалбарството кое започнува кон крајот на 19-от век. Втората фаза се истоветува со иселеничките движења по Балканските војни и Првата светска војна. Третата фаза претставува поголем бран на миграција и се однесува на перидот по Втората светска војна, додека пак четвртиот бран се одвива помеѓу шеесеттите и деведесеттите години од минатиот век, односно периодот на гастарбајтерството.[2] Проф. д-р Танас Вражиновски дополнително го дели вториот период на иселување пред и по Илинденското востание во 1903-та година, кој претставува клучен период за прекуокеанската миграција.[3] На овие четири фази, ние би ја додале и петтата, односно иселеничките движења по независноста на државата во 1991-ва година, кои се карактеризираат со трајно или привремено иселување на населението најчесто поради економски причини, нестабилната политичка, општествена и сигурноста состојба во РСМ, како и одливот на мозоци. Петтиот, современ бран на иселување од РСМ претставува предмет на интерес на овој труд.

Според класификацијата на Кант и според времетраењето на миграцијата, разликуваме: (1) случајна или привремена миграција; (2) трајна или периодична и (3) дефинитивна миграција.[4] Во нашиот труд фокусот ќе биде ставен на трајната

---

[2] Чепреганов Тодор, *Историски фази на миграциите од Македонија*, во Петко Христов, *Балканската миграционна култура: исторически и съвременни примери от България и Македония*, Българска академия на науките, Етнографски институт с музей, Парадигма, София: 2010, стр. 218-225.

[3] Вражиновски Танас, *Иселенички студии*, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2005, стр. 21-22.

[4] Mesić Milan, *Međunarodne migracije-tokovi I teorije*, Societas, Zavod za sociologiju, Zagreb, 2002.

односно дефинитивната миграција, која е карактеристична за иселувањето во последните декади, по осамостојувањето на РСМ. Во потесна смисла, проф. д-р Танас Вражиновски има направено класификација на македонските миграциони движења според три критериуми: (1) критериум на мотиви кој се однесува на економското и социо-политичкото иселување; (2) критериум на желби или интенции кој го опфаќа доброволното иселување поради терор од странска власт или принудна асимилација и (3) критериум на правец на иселување, според кој македонската емиграција се дели на прекуокеанска (САД, Канада и Австралија) и континентална (Западна Европа).[5] Во нашиот труд ќе се потпреме на третиот критериум и ќе ја анализираме континенталната миграција, првиот критериум кој се однесува на причините за иселување ќе биде образложен во продолжение, додека критериумот на желби или интенции ќе биде изоставен.

### 1.1 Причини за иселување на населението од РСМ

Причините за иселување на населението од РСМ од независноста во 1991 година до денес се поврзуваат најчесто со општите фактори кои ги привлекуваат или одвлекуваат луѓето од едно кон друго место. Тие причини не се разликуваат од оние на земјите во регионот и најчесто се однесуваат на економските и политичките услови во една земја, системите на социјална и здравствена заштита, образованието, како и можностите за професионален раст и развој. Всушност, овие причини спаѓаат во пошироката категоризација на *пуш* (push) и *пул* (pull) фактори на теоретичарот Еверет С. Ли, кој разликува четири основни фактори при процесот на иселување: (1) фактори поврзани со областа на потекло; (2) фактори поврзани со земјата на иселување; (3) збир на околности и препреки при преселбата и (4) лични причини.[6] Доколку ги земеме предвид овие фактори на иселување и претходни истражувања за иселувањето на населението од РСМ во последните три децении, како главни причини за миграција на македонското население, може да ги издвоиме следниве:

Економска нестабилност. Економските фактори како во минатото така и денес се главна и директна причина за иселување на населението од РСМ, пред сè ниските примања, невработеноста, лошиот животен стандард и сиромаштијата. Невработеноста претставува еден од најтешките социоекономски проблеми во нашето општеството и стапката на невработеност во РСМ се движи во просек околу 30% од 1993-та до 2020-та година, а актуелната пандемија на ковид-19 уште повеќе ја влоши состојбата со невработеноста. Високата стапка на невработеност носи со себе голем број други проблеми: недостаток на приходи, повремена или постојана лишеност од ресурси (отсуство на основни средства за хигиена и други основни продукти, неможност да се платат сметки за вода,

[5] Вражиновски Танас, *Op.Cit*., стр. 16-18.
[6] Everett S. Lee, *A Theory of Migration*, Demography, Vol 3, No. 1, 1966, стр. 49. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/2060063 (01/07/2013).

струја, живот без огрев во зима, гладување итн.), нарушено здравје, болести и недостаток на можности за соодветен животен стандард, несоодветно домување или бездомништво, неможност за остварување на основните човекови и граѓански права.[7] Овие тези ги потврдува и едно истражување на фондацијата Фридрих Еберт според кое за повеќето млади луѓе во РСМ односно 48,30% главна причина за иселување е подобрување на животниот стандард, 17,50% навеле како причина желба за повисока плата, 11,30% од испитаниците се во потрага по подобри можности за вработување, 7,80% по подобро образование, додека 5% навеле други причини (политичка и социјална нестабилност во земјата, културна разновидност и други).[8]

Политичка нестабилност. РСМ од својата независност во 1991-ва година до денес се соочува со долготраен транзициски период на политичкиот и економскиот систем. Покрај политичката нестабилност, сè уште се чувствуваат индиректните и директните последици од вооружениот конфликт во 2001-та година. Сите досегашни влади на РСМ се стремеле кон Евро-атланстка интеграција на државата со цел постигнување и зачувување на нејзината стабилност и безбедност. Членството во НАТО се реализираше во 2020-та година, додека европската интеграција постојано се одложува, поради потреба од демократски реформи во земјата и постојани политички условувања од соседните земји. Од друга страна, населението е незадоволно и од внатрешната политика на РСМ, партиските вработувања, степенот на корупција и има недоверба во институциите. Иако во минатото, кога РСМ не била независен правно-политички субјект, политичката нестабилност претставувала една од главните прични за иселување на македонското население, сметаме дека и денес политиката е фактор поврзан со земјата на иселување, иако најчесто се дефинира како индиректна причина за миграција.

Отсуство на перспектива. Бесперспективната иднина преставува всушност една од клучните причини за иселувањето на младото македонско население. Имено, тоа ги вклучува: недостатокот на општествениот развој, последниците на економската, социјалната и политичката нестабилност, високиот степен на невработеност и генералното незадоволство од можностите за професионален развој во РСМ. Иако бројот на младите во РСМ со високо образоние е релативно висок (од 2000-та до 2019-та година бројот на дипломирани студенти на додипломски студии се зголемил од 3706 на 7433 студенти)[9], сепак, можностите

---

7 Димитрова Јанка, *Сиромаштијата – најцрното лице на кризата.* Во „Лицата на кризата“, 9-10.03.2012, Европски Универзитет – Скопје, Република Македонија, 2012.

8 Марија Т.Л, Мирјана Б.П, Елеонора.С, Анета.Ц & Нита.С.,*“Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019”, Фондацијата Фридрих Еберт ФЕС, 2019.* Достапно на: http://library.fes.de/pdffiles/bueros/skopje/15292.pdf, (12.12.2020).

9 Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Дипломирани студенти на додипломски студии според местото на постојано живеење, по пол, по региони, по години*, МакСтат-база на податоци, Република Северна Македонија. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/

за соодветна работна позиција, квалитетни и добро платени работни места и професионален развој се ограничени. Според едно истражување на Институтот за политички истражувања[10] од 2019-та година повеќе од половина од младите и една третина од граѓаните размислуваат да се иселат од РСМ во потрагата по подобар животен стандард, подобра работа или подобро платена работна позиција.

Семејно соединување. Семејното соединување претставува дел од процесот на трајната миграција на едно семејство. Според социологот Јан Кок семејството има голема важност при донесувањето на одлуката за иселување, а иселувањето зависи од повеќе фактори како семејни традиции, структура на семејството, начин на склучување брак и одржување на семејните врски. Тој разликува три основни домени на влијание на семејството врз миграциите: (1) создавање на семејство и брак, вид домаќинство и начин на наследство; (2) економски опстанок на семејството, односно распределба на средствата и (3) мрежа на поддршка на дипeрзираните членови на семејството.[11] Семејното соединување како причина за миграција од РСМ постои уште од периодот на печалбарството, а градењето на социјални мрежи кај иселениците претставува олеснителна околност за новите иселеници, но и охрабрување на миграцијата на останатите членови на семејството. Често пати, семејното соединување е долг процес, најчесто поради обезбедување документи за престој на членовите на семејството. При анализата на овој труд, ќе се задржиме на вториот домен на Кок, односно економскиот опстанок на семејството.

Останати причини за иселување на населението од РСМ се: незадоволство од здравствениот систем и системот на социјална заштита, потрага по поквалитетно образование или образовни програми кои не се нудат во татковината, потрага по авантура итн.

### 1.2 Иселување на населението од Западна Македонија: статистичка анализа

Според последниот попис на населението од 2002-ра година во РСМ имало 2.020.365 жители, а во Западна Македонија живееле 763.912 жители.[12] Од етнички аспект, Македонците живеат на целата територија на државата, додека Албанците претставуваат мнозинско население во Полошката котлина,

---

MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__VisokoObrazovanie__DipolmiraniStudenti/125_VisObraz_RM_T1_DiplomiraniRegioni_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (26/05/2021)

[10] Истражување на тема „*Иселување на младите и квалитет на живот*", Институт за политички истражувања, Скопје, 2019. Достапно на: https://ipis.org.mk/2019/07/08/https-standard-mk-detektor-iseluvanjeto-e-opcija-za-70-otsto-od-studentite/ (10/12/2019)

[11] Kok, J., *The Family Factor in Migration Decisions*. Во Lucassen, J., Lucassen, L., Manning, P., О (Eds.), Migration History in World History, Multidiciplinary Approaches, Studies in Global Social History, Brill, Leiden, Bosnon, 2010, стр. 215.

[12] Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII: Вкупно население, домаќинства и станови, според територијалната организација на Република Македонија*. Завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2004.

во градот Дебар, а околу една половина од населението го сочинуваат Кичевско и Струшко, со оглед на тоа дека во некои предели Македонците муслимани се изјаснуваат како Албанци. Македонците муслимани претставуваат најмногубројно население во Реканскиот регион, а исто така во голем број се застапени и во Дебарско, Жупа, Струшко и Кичевско. Турците во најголем број живеат во Гостиварско, односно во градот Гостивар и уште во неколку големи села, потоа во Центар Жупа, Преспа, како и во градовите Дебар, Струга, Охрид, Кичево и др. Ромите се застапени во сите градски средини, додека Власите сочинуваат мал дел од населението во овој регион. Процентуално населението во Западна Македонија според пописот од 2002-ра година е составено од: 369.115 Македонци (48,3%), 316.731 Албанци (41,4%), 44.802 Турци (5,86%), 14.237 Роми (1,86%), 3.383 Власи (0,44%), 2.692 Бошњаци (0,35%), 2.176 Срби (0,28%) и 10.776 (1,41%) граѓани кои се изјаснуваат во категоријата ‘друго’.[13]

Иако иселувањето е проблем кој го засега целокупното македонско население, Западна Македонија се смета за еден од најпогодените региони во поглед на миграциите надвор од државата. Додека во минатото иселувањето на населението од овој регион беше најчесто дефинирано како привремена миграција, во последните децении се иселуваат претежно млади лица или пак цели семејства, а преселбата е сѐ почесто трајна. Во едно поголемо истражување спроведено во текот на 2009-та година за миграциите на македонските граѓани по етнички групи, генералниот заклучок беше дека традиционалната поделба на земјите на миграција (прекуокенските земји за етничките Македонци и земјите од Западна Европа за етничките Албанци) во современите иселенички бранови е надмината и Западна Европа претставува омилен избор на иселениците од РСМ.[14] Имено, главни дестинации на ‘печалбарите’ од Тетово, Гостивар, Дебар и Мавровско-Реканскиот предел денес опстануваат западноевропските земји: Италија, Германија и Швајцарија. Овие земји се главни дестинации на сите исленици од РСМ во изминатите две декади. Италија до 2008-та година беше прв избор на македонските иселеници во рамките на Европската Унија[15], додека според последните официјални податоци на ЕУ во 2018-та година најмногу дозволи за престој на македонски иселеници биле издадени во Германија (85.398 од вкупно 215.244 работни дозволи издадени во земјите на ЕУ)[16].

Прикажувањето на статистичките податоци за миграциите од РСМ претставува предизвик и секогаш бројките треба да се анализираат со

[13] Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Op.cit*.
[14] Avirovic Irena, *Patterns of Migration – Patterns of Segregation? A Macedonian Micro-study*, Saarbrüken: VDM Verlag Dr. Müller, 2010.
[15] Avirovic Irena., *Op.cit.*, стр. 56-57.
[16] *Enlargement countries - statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum*, Eurostat, October 2019. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Enlargement_countries_-_statistics_on_migration,_residence_permits,_citizenship_and_asylum#Population_change:_natural_change_and_net_migration (06/06/2020).

одредена заддршка. Имено, домашните податоци и оние од земјите каде се иселува македонското население најчесто не се совпаѓаат. Причини за овие недоследности се: различните методологии употребувани на пописите во РСМ, отсуство на официјален попис во РСМ од 2002-рата година, како и разлика во бројките помеѓу легалната и илегалната миграција. Во продолжение ќе ги прикажеме официјалните бројки на Државниот завод на статистика на РСМ за вкупниот број на отселени лица од РСМ и уделот на Југозападниот и Полошкиот регион, односно Западна Македонија, за периодот од 2000-та до 2019-та година.

***Табела 1.*** *Вкупен број на отселени лица од РСМ и отселени лица од Југозападниот и Полошкиот регион (2010-2019)*[17]

| Отселени лица од РСМ | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 612 | 377 | 424 | 630 | 1.016 | 740 | 945 | 1.330 | 1.143 | 923 |
| Југозападен регион | 69 | 22 | 55 | 128 | 455 | 412 | 588 | 1.089 | 921 | 517 |
| Полошки регион | 174 | 146 | 121 | 276 | 312 | 273 | 290 | 161 | 83 | 289 |

***Табела 2.*** *Вкупен број на отселени лица од РСМ и отселени лица од Југозападниот и Полошкиот регион (2009-2000)*[18]

| Отселени лица од РСМ | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 | 2000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 769 | 740 | 224 | 1.073 | 1.282 | 656 | 112 | 81 | 312 | 165 |
| Југозападен регион | 599 | 377 | 115 | 875 | 307 | 19 | 8 | 5 | 20 | 13 |
| Полошки регион | 79 | 144 | / | / | / | 1 | 2 | 1 | 16 | 8 |

Според податоците прикажани во *Табела 1* и *Табела 2*, можеме да забележиме дека иселувањето од РСМ нагло се зголемило по 2004-та година и продолжило

[17] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени во други држави според полот и возраста по региони*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/275_Mig_reg_NadOts_mk.px/?rxid=8339bc96-4dde-470a-8b35-4597ee540388 (27/05/2021).

[18] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Отселени во други држави според полот и возраста по региони. Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/275_Mig_reg_NadOts_mk.px/?rxid=8339bc96-4dde-470a-8b35-4597ee540388 (27/05/2021).

да расте до 2015-та година со исклучок на намалување на движењето во 2007-ма година. Зголемен бран се забележува очекувано и по 2010-та година кога РСМ доби визна либерализација во земјите на ЕУ, односно на македонските граѓани им беше овозможено да престојуваат во Шенген зоната вкупно 90 дена во период од шест месеци (180 дена), мерка која е валидна и денес. Со визната либерализација се овозможи законски времен престој во земјите на ЕУ, но се зголеми и илегалната имиграција и трајното иселување, особено поради семејно соединување. Според регионалните шеми на миграција, забележан е засилен бран на иселување поради привремена или трајна работа на населението од општина Жупа најчесто во регионите на Северна Италија[19].

Од 2016-та година бројките на вкупно иселените граѓани од РСМ се намалуваат, но уделот на иселени лица од Западна Македонија е висок и во последната деценија се движи во просек околу 70% доколку ги сумираме бројките од Југозападниот и Полошкиот регион. Со оглед на фактот дека 2015-та година е последна година во која има над 1000 иселени граѓани од РСМ во продолжение прикажуваме подетална анализа за надворешните миграциите од таа година, односно статистички преглед на отселени лица според пол, етничка припадност, старост, брачна состојба, социјална категорија, причини за миграција итн. Според податоците на Државниот завод за статистика од вкупниот број иселени лица од РСМ во 2015-та година (1.016), 767 биле државјани на РСМ, додека 249 биле странци на привремен или подолг престој во нашата држава, 455 се од Југозападниот регион и 312 од Реканскиот регион, со што вкупниот удел на надворешни миграции од Западна Македонија за таа година изнесува 75,49%. Од вкупниот број иселени лица, 648 се од градски подрачја додека 368 од селски подрачја. Во однос на 767-те граѓани на РСМ кои се отселиле во 2015-та година, 384 лица биле од општина Охрид, 124 лица од општина Тетово, Покрај овие две општини кои предводат, останати отселени граѓани на РСМ кои се отселиле во други држави во 2015-та година се од општините: Јегуновце (67), Теарце (61), Дебарца (34), Делчево (29), Боговиње (14), Македонска Каменица (11), Брвеница (10), Желино (10), Гостивар (2) и Дебар, Вевчани и Св. Николе по еден.[20] Во однос на изборот на државата за иселување, македонските граѓани во 2015-та година се иселиле најмногу во САД (240 лица), Австралија (128), Германија (121), Италија (46), Швајцарија (39), Шведска (28) и Словенија (27), податоци кои не укажуваат на големи промени при изборот на држава на иселениците од РСМ, иако по неколку години

[19] Avirovic, I*rena*. *Macedonian Post-Socialist Migration*, Der Donauraum: Zeitschrift des Institutes für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), 52. Jahrgang, 3-4/2012, Vienna, 2012, pp. 465-481.

[20] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени во други држави според полот и возраста по региони*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/806_NMigots_Op_dr_drzavi_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (27/05/2021).

стагнација, прекуокеанските земји повторно го имаат приматот при изборот на земја за миграција.[21]

РСМ не бележи специфичен тренд на иселување на населението според полот. Најчесто податоците говорат дека машкото население се иселува повеќе отколку женското, што се совпаѓа со фактот дека најчесто мажите одат на привремена работа во странство или пак први се иселуваат кога станува збор за семејна миграција. Во 2015-та се иселиле 427 мажи и 340 жени, што не претставува невообичаен податок. Од нив 300 биле женети, односно мажени, додека 147 биле неженети односно немажени, разведели биле 16, исто толку вдовци или вдовици, додека 288 иселеници не навеле брачна состојба. Големиот број на мажени и женети иселеници укажува на тоа дека постои тренд на семејна миграција од РСМ што се потврдува со нашата анализа за причини за иселување. Всушност во 2015-та година 263 граѓани од вкупно 767 иселени лица потврдиле дека се иселеиле поради семејни причини, 54 поради вработување, 18 поради школување и 349 поради непознати причини. Според дејноста, од иселените граѓани во 2015-та година, 261 биле вработени, 42 биле невработени, 67 биле со лични приходи, 106 издржувани лица и 291 не навеле статус или приходи. Во однос на образованието 17 граѓани биле без образование, 14 со некомплетирано основно образование, 84 со основно обазование, 245 со средно орбазование, 25 со виша школа, 83 со високо образование, 11 со магистратура, 1 иселеник со докторат и 287 не навеле образование.[22] Овие податоци укажуваат на тоа дека македонските грашани не се иселуваат единствено поради егзистенцијални причини, со оглед на бројот на вработени лица кои се иселиле, и дека голем дел од иселените граѓани имаат високо образование, што исто така се потврдува со наши претходни анализи.

Кога станува збор за возраста на иселениците од РСМ, тие се најчесто работно способно население а податоците од 2015-та го потврдуваат тоа. Имено, таа година се иселиле 43 македонски граѓани од 0 до 14 години, 219 граѓани од 15 до 29 години, 393 граѓани од 30 до 64 години и 112 граѓани над 65 години.[23] Конечно, за разлика од минатото, профилот на македонскиот

[21] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени граѓани на Република Македонија во други држави по општини*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/806_NMigots_Op_dr_drzavi_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (27/05/2021).

[22] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени граѓани на Република Македонија во други држави според школската подготовка по општини*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/810_Migdos_Op_skolo_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (27/05/2021).

[23] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Отселени во други држави според полот и возраста по региони. Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/806_NMigots_Op_dr_drzavi_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (27/05/2021).

печалбар е изменет, со оглед на тоа дека иселувањето не се случува само поради егзистенцијални причини. Во последните децении од РСМ се иселува високо квалификуван кадар во најпродуктивни години, медицински персонал, млади образовани лица итн. Според една проценка на Светската банка од 2018-та година, иселениците од РСМ всушност претставуваат 32% од високо обучените работници во нашата земја.[24] Овој феномен на одлив на мозоци или *brain drain* е особено истакнат во последните години и е карактеристичен за поголем дел од земјите од Источна Европа по падот на Берлинскиот ѕид. Според Светскиот економски форум, РСМ во однос на способноста да ги задржи талентираните граѓани на скала од 1 до 7 бележи бројка од 2.13 и со тоа се наоѓа на листата на топ 10 рангирани земји по одлив на мозоци.[25]

## 2. Истражување: Иселенички семејства од Западна Македонија

Со цел да добиеме понови информации во врска со трендовите на иселување на населението од Западна Макаденија, направивме квалитативно истражување во кое ги испитувавме причините за иселување од РСМ, изборот на земји на иселениците, возраста на иселениците, семејниот и брачниот статус до моментот на иселување, семејната структура на иселениците, работната активност на граѓаните пред иселувањето, како и перцепцијата на иселениците во врска со животниот стандард, можностите за професионален развој, како и здравствениот, образовниот и социјалниот систем во новите земји. Истражувањето беше реализирано во текот на 2020-та година, со помош на онлајн анкетен прашалник и телефонски разговори со анкетираните лица.

[24] *Постигнување посветла иднина за сите. Поранешна југословенска република Македонија, системска дијагностика на земјата*, World Bank Group, 2018. Достапно на: https://pubdocs.worldbank.org/en/190651543434483500/MKD-SCD-2018-MKD-WEB.pdf (27/05/2021).

[25] WEF: *Four Balkan countries top global ranking with biggest brain drain, European Western Balkans*, 03.02.2020. Достапно на: https://europeanwesternbalkans.com/2020/02/03/wef-four-balkan-countries-top-global-ranking-with-biggest-brain-drain/ (12/12/2020).

***Графикон 1:*** *Потекло на испитаниците*




*Извор: Иселенички семејства од Западна Македонија, 2020.*

Беа анкетирани 45 лица, иселеници од Западна Македонија. Од нив, 30 испитаници се од машки пол, додека 15 се од женски пол. Мнозинството испитаници потекнува од градот Дебар (12), пет испитаници се од село Горно Косоврасти, по четворица испитаници се од Гостивар, Центар Жупа и село Отишани, од село Могорче, Долно Косоврасти и Скудриње потекнуваат по 3 испитаници, по две од Тетово и од село Ростуше и по еден испитаник од село Броштица, Требиште и Лабуништа. Иако нашиот примерок не е статистички репрезентативен, сепак можеме да забележиме дека мнозинството испитаници се од машки пол што всушност се потврдува и во сите статистички анализи на надворешните миграции од РСМ. Што се однесува на потеклото на испитаниците не постои значајна разлика во бројот на отселени лица помеѓу градските и селските подрачја, што значи дека потеклото од рурална и урбана средина нема голем удел во одлуката за иселување.

При истражувањето сакавме да испитаме неколку хипотези, од кои главната е дека граѓаните со потекло од Западна Македонија се иселуваат поради економски причини и во потрага по подобар животен стандард. Во склоп на оваа хипотеза имавме и претпоставка дека невработеноста не е главна причина (*пуш фактор*) на иселување, туку незадоволството од постоечкиот работен статус. Други претпоставки на истражувањето ни беа дека иселениците се најчесто помлади, односно на возраст до 30 години и дека структурата на нивните семејства е нуклеарна. Понатаму, претпоставуваме дека за разлика од минатото, кога печалбарите се иселувале привремено и индивидуално додека семејството останувало во татковината, денес помладите генерации го

формираат семејството по заминувањето во странство и се иселуваат трајно. Во однос на периодот по иселувањето, наша хипотеза е исто така дека иселениците се задоволни од животниот стандард и можностите за работа во новата земја.

Во однос на возраста, нашата претпоставка дека иселениците од РСМ се на возраст помала од 30 години се потврди. Имено 31 од испитаниците се на возраст од 15 до 29 години, 12 испитаници се на возраст од 30 до 44 години и двајца испитаници се на возраст од 45 до 65 години. Иако нашиот примерок не е репрезентативен, сепак сметаме дека резултатите укажуваат на тоа дека повозрасните граѓаните поретко се иселуваат од помладите, што се потврдува со повеќе миграциони студии.[26] За да ја потврдиме оваа претпоставка, ги прашавме дополнително испитаниците на која возраст се иселиле и всушност мнозинството испитаници (32) се иселиле од РСМ во младоста, односно кога биле на возраст од 15 до 29 години. Осум испитаници се иселеиле додека биле деца, односно до својата 14-та година, додека пет испираници се отселиле по 30-тата година од својот живот.

Една од главните претпоставки на нашето истражување дека граѓаните од РСМ најчесто се иселуваат поради ниските примања и лошата финансиска состојба, делумно се потврди. Имено, 20 испитаниви одговориле дека се иселиле поради финансиски причини, 10 испитаници навеле лични причини (најчесто брак, односно семејно соединување) како мотив за миграција, пет испитаници одговориле дека заминале поради неефикасна јавна администрација односно незадоволство од институциите, двајца испитаници заминале во странство поради своето образование, додека шест испитаници не одговорија на прашањето. Одговорите на нашите испитаници генерално се совпаѓаат со клучните причини за миграција од РСМ, а економскиот фактор се потврдува како главен мотив (*пуш фактор*) на надворешната миграција.

Во моментот на иселување, мнозинството испитаници (25) биле со завршено средно образование, 11 испитаници имале високо образование, четири испитаници биле со основно образование, еден испитаник со магистратура, додека четири испитаници не одговорија на прашањето поврзано со степенот на образование. Овие резултати ги потврдуваат претходните детални статистички истражувања од 2015-та година за иселениците од Западна Македонија наведени во трудот, според кои мнозинството иселеници имаат средно образование но расте и бројот на иселениците кои се со високо образование. Според одговорите во врска со мотивите за миграција и разговорите со иселениците, дел од нив всушност беа иселени поради стекнување високо образование и сето тоа укажува на фактот дека и иселениците од Западна Македонија го губат традиционалниот иселенички профил, односно дека сѐ почесто високо образовани лица ја напуштаат државата.

[26] Zaiceva Anzelika, *The impact of aging on the scale of migration*, IZA World of Labor,Year: 2014, Issue: 99, Institute of Labor Economics, 2014.

Дека се менува традиционалниот печалбарски профил се потврдува и со одговорите на испитаниците во врска со нивниот работен однос. Покрај зголемениот број на високо образовани иселеници, исто така е зголемен и бројот на вработени лица кои се иселуваат, односно невработеноста и егзистенцијалните причини не се примарни мотиви на иселување. Според резултатите на нашето истражување 15 испитаници биле вработени до моментот на одлуката за иселување, 24 испитаници биле невработени, еден испитаник бил пензионер, додека пет испитаници не го наведоа својот работен однос. Овие податоци укаживаат на тоа дека голем број иселеници и покрај можоста за работа во татковината сепак се одлучуваат за миграција, најчесто во потрага по „*подобра иднина, подобра перспектива за целото семејство*" (испитаник од Дебар, 23 години).

Исто така, во истражувањето поставивме неколку прашања поврзани со брачната состојба и родителскиот статус на иселениците со цел да утврдиме дали опстанува традиционалниот печалбарски профил според кој сопругот најчесто се иселувал на привремена работа во странство, додека жената и децата останувале во татковината. Според фактот дека возраста на мнозинството испитаници (31) е под 30-тата година, претпоставивме дека тие не се во брак. Всушност, таков беше и одговорот на мнозинството испитаници (26), иако бевме изненадени дека голем број (17) одговорија дека се во брачен однос, но немаме податоци за тоа дали биле во брачен однос и во моментот на миграција. Двајца испитаници не одговорија на ова прашање. Од истите причини мнозинството (40) испитаници одговори дека нема деца, додека пет од нив имале веќе деца во моментот на иселување. Сметаме дека поради фактот дека граѓаните се млади во моментот на иселување и сè уште немаат деца, најверојатно ќе го оформат своето семејство во земјата во која се иселиле.

***Графикон 2:*** *Земја на иселување*




*Извор: Иселенички семејства од Западна Македонија, 2020.*

Според резултатите прикажани од *Графикон 2*, можеме да забележиме дека најголем број испитаници (12) се иселиле во Германија, потоа во Италија (10), Словенија (7), Швајцарија (4), САД (3), Турција, Шведска и Австрија по двајца и Франција, Луксембург и Холандија по еден испитаник. Германија во изминатат деценија е прв избор на македонските иселеници од сите етнички групи и како што тоа го потврдуваат статистичките податоци, се потврди и во нашето истражување.

За испитување на хипотезата поврзана со задоволството на иселениците со животниот стандард, можностите за работа и примањата во новата средина, на испитаниците им беше дадено можност да го опишат нивното задоволство. Најчесто преовладуваа позитивни одговори и иселениците ги оценија нивните искуства како многу задоволителни или делумно задоволителни. Многу мал број иселеници одговорија негативно, односно дека се незадоволни, делумно или целосно. Сметаме дека оваа претпоставка се потврди во сите аспекти и дека генерално иселениците се задоволни од можностите за раст и развој во новата земја, што исто така беше потврдено и со следното прашање, според кое кај 35 од 45 испитаници финансистата состојба се подобрила по иселувањето во новата земја. Покрај од подобрената финансиска состојба, мнозинството (29) испитаници се многу задоволни и (14) делумно задоволни од функционирањето на здравствениот, правниот и образовниот систем во државата во која се иселиле, што укажува на подобрен квалитет на живот на македонските иселеници. Тоа дополнително го потврдува и фактот дека релативно висок број испитаници (16) живеат во сопствено живеалиште наспроти 26 испитаници кои живеат под кирија и тројца кои не одговориле на прашањето, со оглед на фактот дека цената на становите во Западна Европа е многу висока.

Една од последните хипотези на нашето истражување беше дека семејствата на иселенците се нуклеарни во својата структура. За да одговориме на оваа претпоставка, ги прашавме иселениците да ја дефинираат структурата на своето семејство според членовите и големината на истото. Резултатите покажаа дека мнозинството испитаници (24) живеат во нуклеарно семејство, по осум испитаници живеат во еднородителско и проширено семејство, еден испитаник живее во реконструирано семејство и четири испитаници не посочија во какво семејство живеат. Мнозинството испитаници (26) го дефинира своето семејство како современо, додека 16 испитаници сметаат дека живеат во традиционално семејство. Според овие анализи, нашата претпоставка дека иселениците потекнуваат од современо нуклеарно семејство се потврди, но истовремено можеме да забележиме дека структурата на семејствата на македонските иселеници е разнобразна, а тоа ја отсликува и состојбата на македонското современо општество во кое имаме сè почесто нови модели на семејства, иако нуклеарното останува доминантно.

Конечно, испитаниците беа прашани дали се задоволни од одлуката да се иселат, колку често го посетуваат родниот крај и дали планираат да се вратат трајно во татковината. Како и според претходните резултати, мнозинството испитаници (33) се задоволни со одлуката за иселување од РСМ наспроти тројца испитаници кои не се задоволни и девет испитаници кои се колебаат, односно не се сигурни во проценката или според зборовите на еден испитаник од Дебар „*задоволен сум и не сум задоволен...некои работи се подобрија, некои не ги исполнија моите очекувања*". Нашите испитаници, исто така многу често го посетуваат родниот крај, најчесто еднаш или два пати годишно (38 испитаници), три или повеќе пати годишно (шест испитаници) додека само еден испитаник воопшто не ја посетува татковината. Овие резултати укажуваат на силна врска со татковината и семејството кое останало да живее во РСМ, но, исто така, карактеристично е за македонските иселеници во Европа да ја посетуваат нашата држава почесто отколку иселениците од прекуокеанските земји, со оглед на близината и достпаната брза и економична транспортна мрежа. Што се однесува, пак, на трајно враќање во РСМ, сепак, мнозинството испитаници (18) не би се вратиле, четворица иселеници би е вратиле во РСМ, 12 испитаници ја оствaат таа можност отворена додека 11 испитаници не знаат дали некогаш би се вратиле да живеат во татковината. Овие податоци ја потврдуваат нашата квалификација на миграциите од Р.С.М. како трајна, односно дефинитивна и слободна, соодветно според поделбата на Кант.

Од нашето истражување за иселенички семејства од Западна Европа, можеме да заклучиме дека главна причина (*пуш фактор*) на иселување за иселување од РСМ останува економскиот мотив, но и незадоволството од животниот стандард во РСМ. Исто така, можеме да потврдиме дека македонската надворешна емиграција е најчесто трајна и дека земјите од Западна Европа остануваат главна дестинација на нашите иселеници. Најчесто од РСМ се иселуваат млади лица до 30 години и формираат нуклеарни семејства во новата држава. Иселениците се генерално задоволни од условите во новата држава, институциите и можносите за професионален раст и развој. И покрај тоа што македонските иселеници одржуваат блиски контакти и ја посетуваат често татковината, сепак, можноста за враќање во РСМ е прилично неверојатна.

**Заклучок**

При истражувањето на миграциите од РСМ, многу често се соочуваме со исти предизвици: недоволни или неадекватни статистички податоци што се должи и на отсуството на официјален попис на населението од РСМ во период од речиси две децении, поголем број квантитативни наспроти квалитативни истражувања, како и отсуство на податоци поврзани со илегалната миграција. Од друга страна, секое ново истражување на надворешната миграција ни укажува

на тоа дека расте бројот на иселениците од РСМ, особено на младото, работно способно население и квалификуваниот кадар. Причините за иселување не се менуваат значително, односно економскиот фактор останува доминантен при одлуката за иселување од РСМ. Исто така, нема големи промени кога станува збор на изборот на земји, особено кога се истражува континенталната миграција и крајната дестинација се движи помеѓу Италија и Германија подолг временски период од околу две децении.

Новина во истражувањето на петтиот бран миграции од РСМ кој се однесува на периодот по независноста на земјата во 1991-ва година, се чини најмногу го засега профилот на иселеникот. Всушност, се менува традиционалниот македонски печалбарски профил и тој повеќе не се совпаѓа секогаш со машко лице, во брачна состојба, кој се иселува привремено во потрага по работа. Последните истражувања, вклучително и тоа што го прикажавме во овој труд, укажаува на тоа дека миграцијата многу често претставува семеен долгорочен план, а иселениците се образовани и иако тие се иселуваат поради економски причини, истите не се исклучиво од егзистенцијален карактер, туку претставуваат потрага и потреба по подобар животен стандард од оној што се нуди во татковината. Дополнително, во нашето истражување кое се однесува на иселеници од Западна Македонија, потврдивме дека од РСМ најчесто се иселуваат млади лица до 30 години, кои потекнуваат од современо нуклеарно семејство и се во потрага по животни услови кои нудат сигурност, можност за професионален раст и развој и доверба во институциите на здравствениот, правниот, образовниот и социјалниот систем.

Конечно, со оглед на фактот дека миграцијата од РСМ најчесто е трајна, а иселениците ретко се враќаат да живеат во татковината, проблемот со иселувањето ќе продолжи и неговите последици ќе се чувствуваат и во иднина, не само во Западна Македонија туку на територијата на целата држава. Потребно е да се подобрат многу аспекти од современото македонско општество за да се намали бранот на иселеници кој постојано се зголемува, особено што се однесува на младото и работно способното население. Многу лица се иселуваат и покрај тоа што имаат можност за вработување во РСМ, едноставно бидејќи не се задоволни од квалитетот на животот што се нуди. Сметаме дека фокусот треба да биде ставен на младите и да им се овозможат подобри можности за работа и подобро платени работни позиции. Понатаму, подобро е да се охрабрува циркуларната или времената миграција наспроти трајната или пак да се создадат подобри економски услови за привлекување на иселеници повратници. Конечно, можеби треба овој проблем да се решава и институционално и да се формира тело, орган или министерство кое целосно ќе се насочи кон решавањето на оваа проблематика.

**Библиографија:**

1. Avirovic Irena, *Patterns of Migration – Patterns of Segregation? A Macedonian Micro-study*, Saarbrüken: VDM Verlag Dr. Müller, 2010.
2. Avirovic Irena, *Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis*. The Sociological Review. Skopje: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy-Department of Sociology, No 2/2015 Volume XVI.
3. Avirovic, Irena. *Macedonian Post-Socialist Migration*, Der Donauraum: Zeitschrift des Institutes für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), 52. Jahrgang, 3-4/2012, Vienna, 2012, pp. 465-481.
4. Авировиќ Ирена, *Иселеници повратници: нова перспектива на миграциските истражувања во Македонија*. Годишен Зборник на Филозофски Факултет, кн. 69, Скопје, 2016.
5. Вражиновски Танас, *Иселенички студии*, Агенција за иселеништво на Република Македонија, Скопје, 2005.
6. Димитрова Јанка, *Сиромаштијата – најцрното лице на кризата*. Во „Лицата на кризата", 9-10.03.2012, Европски Универзитет – Скопје, Република Македонија, 2012.
7. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Соопштение: *Активно население во Република Македонија, Резултати од Анкетата за работна сила, II тримесечје од 2019 година*. Податоци преземени од Државниот завод за статистика на Р.С.М, достапни на: https://www.stat.gov.mk/pdf/2019/2.1.19.30_mk.pdf (10/12/2019).
8. Државен завод за статистика на Р.М., *Миграции 2017*, Скопје, 2018. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.06.pdf?fbclid=IwAR0JuRSOVbIu9NUX8FFqkmOXvuG2HtcX_EL84feZrOIkNVXzugEsrDwN3k (10/12/2019).
9. Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII: Вкупно население, домаќинства и станови, според територијалната организација на Република Македонија*. Завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2004.
10. Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Дипломирани студенти на додипломски студии според местото на постојано живеење, по пол, по региони, по години*, МакСтат-база на податоци, Република Северна Македонија. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__VisokoObrazovanie__DipolmiraniStudenti/125_VisObraz_RM_T1_DiplomiraniRegioni_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (26/05/2021).
11. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени во други држави според полот и возраста по региони*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/275_Mig_reg_NadOts_mk.px/?rxid=8339bc96-4dde-470a-8b35-4597ee540388 (27/05/2021).

12. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, *Отселени граѓани на Република Македонија во други држави по општини*, Мак-Стат база на податоци. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/806_NMigots_Op_dr_drzavi_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (27/05/2021).
13. Државен завод за статистика на Р. Македонија, *Дипломирани студенти на додипломски студии според местото на постојано живеење, по пол, по региони, по години*, МакСтат-база на податоци, Република Северна Македонија. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__VisokoObrazovanie__DipolmiraniStudenti/125_VisObraz_RM_T1_DiplomiraniRegioni_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (26/05/2021).
14. *Disparities in minimum wages across the EU*, Eurostat, 2020. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/web/products-eurostat-news/-/DDN-20200203-2 (06/06/2020).
15. *Enlargement countries - statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum*, Eurostat, Data extracted in October 2019, Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Enlargement_countries__statistics_on_migration,_residence_permits,_citizenship_and_asylum#Population_change:_natural_change_and_net_migration (06/06/2020)
16. Everett S. Lee, *A Theory of Migration*, Demography, Vol 3, No. 1, 1966, стр. 49. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/2060063 (01/07/2013).
17. Zaiceva Anzelika, *The impact of aging on the scale of migration*, IZA World of Labor,Year: 2014, Issue: 99, Institute of Labor Economics, 2014.
18. Истражување на тема „*Иселување на младите и квалитет на живот*", Институт за политички истражувања, Скопје, 2019. Достапно на: https://ipis.org.mk/2019/07/08/https-standard-mk-detektor-iseluvanjeto-e-opcija-za-70-otsto-od-studentite/ (10/12/2019)
19. Kok, J., *The Family Factor in Migration Decisions*. Во Lucassen, J., Lucassen, L., Manning, P., О
20. (Eds.), Migration History in World History, Multidiciplinary Approaches, Studies in Global Social History, Brill, Leiden, Bosnon, 2010.
21. Марија Т.Л, Мирјана Б.П, Елеонора.С, Анета.Ц & Нита.С., *"Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019", Фондацијата Фридрих Еберт ФЕС, 2019.* Достапно на: http://library.fes.de/pdffiles/bueros/skopje/15292.pdf, (12.12.2020).
22. Mesić Milan, *Međunarodne migracije-tokovi I teorije*, Societas, Zavod za sociologiju, Zagreb, 2002.
23. Lucassen, J., Lucassen, L., Manning, P., О (Eds.), Migration History in World History, Multidiciplinary Approaches, Studies in Global Social History, Brill, Leiden, Bosnon, 2010.

24. Петко Христов, *Балканската миграционна култура: исторически и съвременни примери от България и Македония*, Българска академия на науките, Етнографски институт с музей, Парадигма, София: 2010.
25. *Постигнување посветла иднина за сите. Поранешна југословенска република Македонија, системска дијагностика на земјата*, World Bank Group, 2018. Достапно на: https://pubdocs.worldbank.org/en/190651543434483500/MKD-SCD-2018-MKD-WEB.pdf (27/05/2021).
26. Чепреганов Тодор, *Историски фази на миграциите од Македонија*, во Петко Христов, *Балканската миграционна култура: исторически и съвременни примери от България и Македония*, Българска академия на науките, Етнографски институт с музей, Парадигма, София: 2010.
27. WEF: *Four Balkan countries top global ranking with biggest brain drain, European Western Balkans*, 03.02.2020. Достапно на: https://europeanwesternbalkans.com/2020/02/03/wef-four-balkan-countries-top-global-ranking-with-biggest-brain-drain/ (12/12/2020).